РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БИТОЛА**

| Примено: | 01 -02- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-26 | | | |

99

До

Општина Битола

За градоначалникот

Г-дин Тони Коњановски

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) од имателот ја барам следната информација од јавен карактер :

Одговорот на допис ИЗЈАВА – ЖАЛБА заверена под ваш бр.23/23 од 02.11.2023 година за која до денешен ден не сум добил одговор дали е удоволена или одбиена, а се однесува за данок на имот за 2023 година за деловен простор кој е издаден , а кај вас е заведен како празен деловен простор ( зголемен за 3 пати) во куќата во која живеат моите синови [redacted], а јас сум со[redacted]

Информацијата од јавен карактер ја барам да ми ја доставите во печатена форма по пошта на домашна адреса и електронска форма на е маил [redacted]

Барател на информацијата од јавен каректер е[redacted]

Оваа барање е согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер затоа што немам добиено одговор на оваа ИЗЈАВА – ЖАЛБА која е уредно доставена и примена од ваша страна со приемен печат од Општина Битола.

Во прилог ви доставувам фотокопија од Изјавата која е заверена на нотар.

Во Битола

На ден 01.02.2024 година.

[redacted]

02.11.2023

Република Северна Македонија
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 23/23 | | | |

ИЗЈАВА

Јас подолу потпишаниот [redacted] издадена од МВР Битола, под морална, материјална и кривична одговорност, **изјавувам дека за прв пат примам решенија од Општина Битолана ден 25.10.2023.година**, под бр.23/23-21658, и 23/23-19319 **од кои решениија можи да се види дека истите** [redacted] **гласат на моите** [redacted]

Имотот е моја сопственост што е видно од ИМОТЕН ЛИСТ [redacted]

Видно од решенијата **задолжението за деловниот простор е неосновано, од причини што пред се имотот е на мое име, а не на моите синови, и овој деловен простор го имам издадено под закуп од 17.5.2019.година, кој договор е** [redacted] фирмарина.

Изјавата ја давам доброволно, неприсилен од никого, да послужи каде што има потреба, а особено пред Општина Битола, за да се намали данокот, со оглед деловниот простор се користи.

**Доколку од било која причина не се удоволи ова моја изјава, изјавата да има третман на жалба на решенијата и да биди проследена во натамошна постапка.**

Битола
02.11.2023.г

[redacted]

Јас, НОТАР Љупка Караџовска Главинче
ул. Филип Втори Македонски бр. 13/1

[redacted], Битола, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта [redacted] Издадена од МВР Битола

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

[redacted]

Во Битола 02.11.2023

НОТАР

Љупка Караџовска Главинче

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за администрирање приходи
и плаќање на даноци

Бр.11-26/2

07.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-26/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

_______________________

Емилија Илиевска

_______________________

Примил:
ВИ
08.02.2024г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 12-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 26/3 | | |

До
лица за посредување при
остварување на слободен пристап
до инфомации од јавен карактер

Датум:12.02.2024

Почитувани,

Жалбата за 2023год.не ви е прифатена.Против решението на градоначалникот на општината,може да се поведе управен спор со тужба пред надлежниот орган Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Ако ја имате потребната документација може да доставите обнова на постапка за 2023година.

Со почит,

Изработил:
[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-26/4
12.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **01.02.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-26** од **01.02.2024 година**, каде бара одговор на допис за изјава-жалба заверена под бр.23/23 од 02.11.2023 година за која не добил одговор.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-26 на ден 01.02.2024 година. Во барањето наведе дека бара одговор на допис изјава-жалба заверено под бр.23/23 од 02.11.2023 година за која не добил одговор,за данок на имот за 2023 година, а во Општина Битола бил заведен како деловен простор.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-26/1 од - 01.02.2024
2. Допис до Одделение за администрирање приходи и плаќање даноци со бр. 11-26/2 од 07.02.2024 година
3. Одговор од Одделение за администрирање приходи и плаќање даноци со бр. 11-26/3 од 12.02.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 12.02.2024 година, под бр. 11-26/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

____________________________

**Евгенија Чукалева**

____________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА